РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4120/2

09-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжение на 45та седница одржана на 02.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата број 12-4120/1 од 02.12.2020 година, против лицето ------, поранешен претседател на Основен суд --------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по сите пријавени наводи нема надлежност за постапување во предметниот случај.

Предметот со број 12-4120/1 од 02.12.2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 02.12.2020 година, поднесена е пријава против лицето ----------, поранешен претседател на Основен суд --------- и оформен е предмет број 12-4120/1 од 02.12.2020 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека во Основен суд ------- во време кога Претседател на судот било лицето --------, од голем број на примени апликации за јавен оглас за стручен соработник било избрано лицето -------- и С. -------. Според пријавителот, лицето --------- не ги исполнувала условите од Огласот. Побарано е да се поништи конкурсот, да се утврди како наведеното лице во 2019 година е унапредено од техничка секретарка во стручен соработник.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, активностите наведени во пријавата се однесуваат на 2019 година, за што не може да се преземат активности од страна на ДКСК заради застареност. Во однос за делот од пријавата каде се бара поништување на јавен оглас за вработување, ДКСК нема законски основ да го побара истото, поради слабости во законската регулатива.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изготвил: С.М – виш соработник
Одобрил: К. – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk